| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Плодови на есента |
| **Содржина на денот** | Принцезата Есен |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Адријана Станков |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за одржување на лична хигиена. Како треба да се однесуваме кога кашламе и киваме. Секогаш устата и носот треба да ги покриме со хартиено шамивче или со подлактица(слика 2,слика 3). Употребеното шамивче треба веднаш да се фрли,а рацете постојано да се мијат со вода и сапун. |
| **Активности** | Пуштете музика во Вашиот дом и движете се според тактот на музиката. Направете интересна атмосфера,играјте задно со детето.<br>Пуштете му ја песничката „Принцезата Есен“ од детскиот фестивал „Поточиња”-2007 година. На видео снимката има прекрасна кореографија. Охрабрете го детето да ја пее песничката и да ги следи движењата.Додека игра и пее детето многу е важно телото да биде исправено. Детето во исто време може да пее и да го следи ритмот со чукање на раце.<br>Понудете му на детето со Ваша помош да создаде приказна, според доживувањата од слушаната мелодија. Истото може да го претстави и на лист од блок, според своите доживувања. |